

***Бизнисменот, хуманистот и донаторот и, во исто време, човекот кој епосветен на фармакологијата и економијата во Република Македонија и на Балканот, Благој Механџиски и неговата животна сопатничка Вера, испишаа една прекрасна заедничка деловна, лична, семејна, национална и професионална сага долга четириесетина години.***

Често се вели дека жената е десната рака на мажот. Тоа се потврдува во брачниот живот, во нивното заедничко живеење, во кои споделиле и радост и тага, и успеси и падови и многу убави мигови, патувања, дружења, отвориле нови патишта на живеењето и опстојот, од кои носат прекрасни спомени за еден хармо-ничен и среќен македонски брак.

Семејните корени на д-р Вера Механџиска, родена Апостолова, покојната сопруга на Благој Механџиски се од Пијанец. Поточно, нејзините родители се од Македонска Каменица, а таа е родена во Делчево, како второ дете во семејството Апостолови, по сестра ѝ Надица, педагог, и братот Жарко, адвокат.

Имено, нејзиниот татко Фиданчо Николов Апостолов - Кантуре (1918-1990) бил роден во Македонска Каменица, а најдолго учителствувал во Македонска Каменица, Делчево и Трaботивиште, каде станал учителска легенда. Тој бил познат како вистински народен

учителски доајен, којшто со своите етички вредности, мисловно-критички хоризонти, естетски перфекционизми и професионалната делотворност, со својата раскошна човекова природа, со своите карактерни својства кај своите генерации во Делчево и Македонска Каменица останал како пример, почитуван просветен инспектор, просветен советик и уважен граѓанин на општините Делчево и Македонска Каменица.

Фиданчо како учител секогаш покажувал примерни резултати во училиштето надвор од него. Многу ја сакал својата служба и имал голема педагошка љубов кон учениците, при што покажал одлични резултати. Затоа, бил почитуван од учениците, колегите и образовните институ-ции, кои за неговиот успех во работата го наградиле со унапредување во работата со бројни признанија и награди

Мајка ѝ на Вера, Ристена Апостолова, пак, била пример на добра и традицио-нална Македонка, мајка, баба, другарка чувар на семејството. Таа не била образована како Фиданчо, но била мудра природно надарена. Ристена била поддржувачот и, во многу случаи реализаторот на сè она што Фиданчо го постигнал во својот живот и дело. Со еден збор, таа била столбот на семејството Апостолови.





*Вера со Благој*





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**